*Весна ТОМОВСКА*

**УДК: 808.5**

# ДЕФИНИЦИИ НА РЕТОРИКАТА

***Кратка содржина***

*Современата реторика прилично педантно го чува наследството од античката реторика. Меѓу бројните појави и особености еднакво доследно ја одржува и разновидноста на дефиниции на оваа многувековна дисциплина. Овој труд се осврнува на античката традиција на дефиниции на реториката. Направен е преглед на највлијателните дефиниции што се сретнуваат кај Платон, Аристотел, Кикерон и Квинтилијан. Компаративната анализа на предложените описи на реториката овозможува нивно типолошко поврзување и групирање, како и следење на одредени насоки на идејно влијание и културолошко детерминирање.*

***Клучни зборови:*** *РЕТОРИКА, ГОВОРНИШТВО, ВЕШТИНА НА ГОВОРЕЊЕ, УБЕДУВАЊЕ, ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ*

**Реториката** е една од оние појави кои тешко може да се дисциплинираат во една дефиниција. Во речниците, лексиконите, специјализираните монографии, учебниците, зборниците посветени на реториката постојано и одново се прават обиди таа да добие единствена, прецизна и сеопфатна дефиниција. Ова настојување до денес останува во рамките на активност што е во процес, а која како резултат има голем број најразлични толкувања и формулации на реториката. Ваквата состојба е последица на многувековната и во континуитет богата традиција на реториката, на нејзиното проникнување со бројни дисциплини, како и на нејзината способност постојано да генерира нови подрачја на истражување и на специјализација.

1.

Меѓу понудените дефиниции на реториката најбројни се оние што ја изедначуваат со **говорништвото**, или на разни начини ја поврзуваат со него. Па така, реториката се дефинира како: *говорничка вештина, вештина на говорникот, вештина на говорење, уметност на говорот, вештина на добро беседење, теорија и техника на беседништво, вештина на усмен говор, теорија на изразно говорење, говорништво сведено на систем*. Во колоквијалниот говор и во теоретските расправи многу често спонтано се заменуваат овие два термина, реторика и говорништво, при што се занемарува нивната суштински различна појмовна вредност.

Прв во низата теоретичари кои ја воочиле оваа непедантност во изразот и укажале на различната терминолошка припадност е Кикерон кој во својата реторска расправа *За говорникот* (1.146.4-5) заклучува: „красноречивоста (т.е. убавото, добро беседење, говорење) не произлегла од теоријата (т.е. реториката), туку теоријата од красноречивоста“.[1] Овој исказ има двоен придонес во дефинирањето на реториката. Најнапред, реториката ја одвојува од говорништвото како посебна појава, а потоа, двете појави ги поставува во релација на теорија и пракса, при што теоријата, т.е. реториката е онаа дисциплина која ја согледува суштината и ги истражува можностите на говорништвото како пракса. На Кикерон кој искуствено ги познавал овие две појави, бидејќи самиот бил и говорник и реторичар,[2] не му било тешко да ја опише разликата меѓу говорништвото и реториката, но и да посведочи за нивната тесна поврзаност и взаемна зависност. Замената на термините се должи токму на оваа релација на меѓусебно проникнување на реториката и на говорништвото, на теоријата и на праксата. Оттаму, дефиницијата која би ги обединила двете појави како еднаквозначни би била: реториката е теорија насочена на практика, на говорништвото, таа се остварува низ оваа практика и постои за нејзино унапредување.

За да се означи разликата меѓу реториката и говорништвото во поново време скован е терминот **метареторика** кој треба да ја опише реториката како теорија, или како вештина која за свој предмет ја има „практичната реторика“, односно говорништвото и да ја одвои од реториката како пракса, односно како вештина применета на конкретна беседа.[3]

---

[1] Cic. *De orat.* 1.146.4-5 sic esse non eloquentiam ex artificio, sed artificium ex eloquentia natum.

[2] Овде со терминот *реторичар* се означува оној кој се занимава со реториката како теорија (според *теоререичар*), додека *ретор* е синоним за говорник, за беседник.

[3] G. A. Kennedy, *A New History of Classical Rhetoric*. Princeton, 1994. p. 3

2.

Со проблемот на дефинирањето на **реториката** се соочил и последниот во низата значајни антички реторичари, Квинтилјан. Во својот учебник *Образование на говорникот*, составен на крајот од 1 век н.е., тој констатира дека реториката во својата богата дотогашна традиција различно се дефинирала и забележува дека „несогласувањата се однесуваат или на суштината на самиот предмет [на реториката], или на значењето на зборовите [со кои таа се опишува].[4]

Сепак, во оваа долга и полна со недоразбирања и спротивставени мислења расправа околу дефиницијата на реториката нејзиното име останало стабилно и неизменето сè до денес.[5] Терминот *реторика* е преземен од старогрчкиот јазик,[6] каде овој збор има двојна употреба; како именка (ἡ ῥητορική) и како придавка покрај именката τέχνη (вештина). Потекнува од зборовите ῥήτωρ (учител по говорништво) и ῥῆμα (збор, слово,zz реч, израз), а етимолошки се врзува за глаголот εἴρω (зборувам). Овие лингвис-

---

[4] Quint. *Inst. orat.* 2.15.1 aut enim de qualitate ipsius rei aut de comprensione verborum dissensio est.

[5] Имало обиди во латинскиот јазик да се најде адекват за грчкиот збор ῥητορική. Некои предлагале *oratoria*, а други *oratrix* (Quint.2.14.1.), но овие решенија биле оценети како неточни и не биле прифатени. Како латински еквивалент за *реторика* често се употребува *eloquentia*, но, како што покажува и Кикерон (*De Or.* 1.146.4-5), во значење на *применета реторика*, како *говорништво*, при што за реториката како теорија се употребува *ars*, или *artificium*. Како и да е, во латинскиот нема соодветен збор за ῥητορική, па затоа најчесто се сретнува грчкиот збор преземен во неговата автентична варијанта како *rhetorice* кога се употребува како именка, или во латинската како *rhetorica* која има вредност на придавка и задолжително е придружена со именката ars (вештина). Немоќта на латинскиот да понуди соодветен превод за грчкото *реторика* ја прифатил и Кикерон кој својата прва книга од оваа област ја насловил (*Ars*) *Rhetorica*, која во традицијата е позната под насловот *De Inventione* (Cic. *De Or.* 1.2.5, Quint. *Inst. orat.* 2.14.4, 2.15.6.).

[6] Во пишаната традиција овој термин првпат се сретнува во Платоновиот дијалог *Горгија* (448d 9), составен најверојатно околу 385 г. ст.е., кој сведочи за настани и личности од една генерација понапред. Тоа значи дека може со голема веројатност да се претпостави дека овој термин веќе бил во употреба во 5 век ст.е. во кругот на Сократовците.

тички податоци ги откриваат суштинските особености на реториката и го насочуваат нејзиното дефинирање.

Во збирниот преглед на дефиниции на реториката од Горгија (5 век ст.е.) до Албукиј (1 век н.е.) Квинтилијан забележува дека некои ја нарекуваат реториката *сила* (vis), други *наука* (scientia), трети *опитност* (usus), а некои, пак, *вештина* (ars).[7] Сите овие називи се всушност обиди да се изнајде соодветна и прецизна замена за поимот τέχνη (вештина) кој се содржи во името на оваа појава, ῥητορικὴ τέχνη (реторска вештина).

3.

Поимот τέχνη/ars (вештина) во антиката има сосема јасна содржина. Аристотел во *Никомахова етика* (1140a 4-21) ја определува вештината (τέχνη) како способност за разумско (врз умот засновано) творење (ἕξις μετὰ λόγου ποιητική). А, „способноста за разумско творење е нешто поинакво од способноста за разумско дејствување (μετὰ λόγου ἕξις πρακτική)"; па така „ниту дејствувањето (ἡ πρᾶξις) е творење (ἡ ποίησις), ниту творењето е дејствување". Понатаму Аристотел објаснува: „Секоја вештина е насочена кон создавањето (γένεσις), а да се оствари вештината (τὸ τεχνάζειν), значи, да се согледа (θεωρεῖν) како може да (на)стане (γένηται) нешто од оние што можат (τῶν ἐνδεχομένων) да бидат или да не бидат. (...) А, кога веќе творењето е нешто друго од дејствувањето, тогаш вештината (τέχνη) нужно му припаѓа на творењето (ποίησις), а не на дејствувањето (πρᾶξις)". Вака Аристотел ја објаснува творечката, кон создавање насочена (ποιητική, factibilis) природа на τέχνη како вештина. Од кажаното, по аналогија следува дека τέχνη нема дејствувачка, работна (πρακτική, agibilis) природа. Во уводниот дел на *Метафизика* (980b 25-981a 30) Аристотел ја објаснува теориската, согледувачка (θεωρητική, speculativa) суштина на τέχνη и нејзината релација со искуството (ἐμπειρία) и со знаењето (ἐπιστήμη). „Родот на луѓето (за разлика од животните) живее со вештина (τέχνη) и со промислување (λογισμοῖ). Луѓето преку паметењето (μνήμη) добиваат искуство (ἐμπειρία, usus); имено, повеќе паметења на една иста работа доведуваат до способност за [посе-

[7] Quint. *Inst. orat.* 2.15.2 quidam rhetoricen vim tantum, quidam scientiam sed non virtutem, quidam usum, quidam artem quidem sed a scientia et virtute diiunctam, (...) nominaverunt.

дување] на едно искуство [за таа работа]. Се чини дека искуството е речиси еднакво со знаењето (ἐπιστήμη, scientia) и со вештината (τέχνη); па сепак, знаењето и вештината на луѓето им доаѓаат преку искуството; зашто, како што вели [софистот] Полос, искуството твори (ἐποίησεν) вештина, а неискуството [твори] случај (τύχη). Вештината настанува (γίγνεται) тогаш кога од повеќе размисли (ἐννοήματα) [здобиени] од искуство се раѓа една општа претпоставка (ὑπόληψις) и за [други] слични [работи]. (....) Искуството е сознание (γνῶσις) за посебното, а вештината сознание за општото. (...) Претпоставуваме дека оние што се вешти (=познавачи на својата работа) се помудри од оние што имаат [само] искуство, (...) а тоа е така, затоа што, оние ја знаат причината, а овие не. Имено, оние што имаат искуство знаат *што* (τὸ ὅτι), но не знаат *зошто* (διότι), а другите осознале и *зошто*, а ја знаат и причината (αἰτία)". Вештината (τέχνη, ars) е, значи, на творење (ποίησις) насочено согледување (θεωρία). Таа ги обединува *умешното произведување* и *стручното знаење*, при што знаењето е условувачко за произведувањето. Ова се нагласува и во онаа, како што Квинтилијан ја нарекува, општо прифатена дефиниција за ars (вештина). Имено, дека „вештината се состои од сознанија кои меѓусебно се усогласени и истовремено применети во насока на [некоја] полезна животна цел".[8] Или, поедноставено, кај стоичарот Клеант (фр. 790): „вештината е моќ која се остварува на определен начин, што значи според определен поредок".[9]

Терминолошки и појмовно τέχνη и ars го задржале ова значење и во Средниот век и во Ренесансата. Со нив се означува дејствување кое се темели на познавање на правила, на процедури, па оттаму, тоа е вештина, умешност, а не уметност во денешна смисла на зборот.[10] Ваквото толкување на основниот поим (вештина) во описот на реториката ги прави разбирливи обидите при нејзиното дефинирање таа да се сведе само на еден аспект (сила, снага, моќ, наука, знаење, извежбаност, опитност).

---

[8] Quint. *Inst. orat.* 2.17.41 artem constare ex perceptionibus consentientibus et coexercitatis ad finem utilem vitae.

[9] Quint. *Inst. orat.* 2.17.41 ars est potestas via, id est ordine, efficiens.

[10] Со поимот вештина (τέχνη, ars) во антиката биле опфатени сите занаети кои учествувале во она што Квинтилијан го нарекува „полезна животна цел", а тоа значи од готварството, грнчарството, градителството, лекарството, па сè, до градинарството, војништвото, морепловството. Освен бројните занаети овој поим опфаќал и некои од науките (граматика, дијалектика, аритметика, геометрија, астрономија, музика), меѓу кои и реторика. Види V. Tatarkijević, *Istorija šest pojmova.* Prevod P. Vujičić. Beograd, s.a. str. 20-54

ИНСТИТУТ ЗА ПЕД ГОГИЈА

По аналогија на троделната Аристотелова поделба на видовите дејствувања на: теоријата, творештвото и практиката, Квинтилијан го гради својот систем на вештини (artes).[11] Според тоа на која од овие дејности се темелат вештините тој ги дели на три вида: теориски, практични и творечки (или произведувачки). Теориските вештини се оние кои се темелат на набљудување и истражување, како што е астрономијата. Практичните вештини се темелат на некакво дејство, но немаат производ; таква вештина е танцот. Творечките, создавачки вештини, се оние кои имаат некаков учинок, односно конкретен производ, како што е сликарството. Квинтилијан смета дека реториката како вештина има особености од сите три наведени видови вештини и дека едновремено може да се смета и за теориска и за практична и за творечка. Но доколку треба да се одбере само еден вид според кој таа ќе се идентификува, тогаш најблиски ѝ се практичните вештини, бидејќи самата таа „се состои од практикување (изведување, прикажување)“.[12]

4.

Освен различните толкувања на зборовите, несогласувањата во дефинирањето на реториката се должат, пред сè, на описот на нејзиниот предмет. Авторските дефиниции од Антиката можат да се поделат на два вида и да се сведат на две воопштени дефиниции: 1. *Реториката е вештина на јавно говорење* и 2. *Реториката е вештина на убедување со зборови.*

Првата дефиниција го истакнува чинот на говорење, на беседење како потврда на усвоената и применета вештина и упатува на посебноста на историските околности во кои се појавило и негувало говорништвото како јавно говорење. Не случајно почетоците на реториката како вештина на јавно говорење се поврзуваат со демократските системи на Сиракуза и на Атина од 5 век, во кои од граѓаните се барало активно да учествуваат во уредувањето на државата, а тоа значело јавно и усно да го искажуваат и да го бранат својот политички став.[13] Граѓаните, исто така имале обврска доколку учествувале во некој судски процес самите да говорат во судот, без

[11] Quint. *Inst. orat.* 2.18.1.-2.

[12] Quint. *Inst. orat.* 2.18.5. rhetoricen in actu consistere.

[13] Пред сè, во народното собрание во кое се расправало и решавало за сите прашања од надворешната политика на државата, за прашањата од управувањето и законодавството, а имало и дел од судските ингеренции. Имено, во народното собрание се судело за најтешки прекршоци, оние кои биле поврзани со безбедноста на државата.

застапник.[14] Ваквата богата говорничка пракса наметната од општественото уредување спонтано поттикнала востановување на извесна теорија на јавниот говор. Од неа, најнапред, се очекувало да состави соодветна терминологија, извесен стручен и специјализиран јазик со кој ќе се именуваат елементите на јавното говорење, а натаму овие елементи да ги организира во одреден, доследно изграден систем. Познавањето на овој систем од реторски појави бил одржуван од реториката како академска дисциплина која била вградена во образовниот систем како задолжителна содржина од 5 век па сè до 18/19 век. н.е.

Втората воопштена дефиниција од антиката ја опишува реториката како *вештина на убедување со зборови*. Таа го истакнува она што е крајна цел на секој говор, а тоа е да убеди. Можноста со беседа да се постигне убедување се темели врз пословично потврдената моќ на зборовите[15] и нивната способност да влијаат врз околностите во кои се употребени и врз ставовите и одлуките на оние што ги слушаат.

[14] Во судската расправа граѓаните (обвинителот и обвинетиот) учествувале лично. Архонтот кој го водел судењето најнапред повикувал да говори обвинителот, а потоа обвинетиот. Парничарите обично говореле лично во свое име, но, ако некој не се сметал способен за ваков спонтан говор, тогаш можел да си нарача одбрана или обвинение од некој познавач на таа вештина (λογογράφος), па да го научи напамет и да го изложи пред судот. Такви говори, нарачки од парничари, составувале и Лисија и Демостен. Судот во определени случаи можел да се согласи на парничарот да му помогне, или сосема да го замени, во судската расправа, некој негов во говорењето убедлив пријател (συνήγορος), кој не е адвокат и кој за тоа не бара никаков надомест. Ако во расправата заинтересираната страна била жена, дете, странец, роб, или ослободен роб, тогаш тие не учествувале лично во судењето, нив ги застапувал сопругот, таткото, господарот, старателот. Секој парничар во расправата имал право да говори по двапати, а времето на говорите било определено со закон и се мерело со клепсидра. Како и да е, исходот на судската расправа и пресудата на судиите-поротници (кои гласале тајно, веднаш по расправата на парничарите и без претходно договарање, значи, индивидуално), пред сè, зависел од беседата која била (и од тоа како била) искажана од обвинителот и од обвинетиот, од убедливоста на говорот со која едниот обвинувал, а другиот се бранел. Статусот на говорот во судските парници како решавачки фактор за пресудата, меѓу другото го генерира спонтаниот развој, бујната разгранетост и зрелоста на говорничката вештина во античка Хелада.

[15] Сп. „Добриот збор и железни порти отвора.“, „Јазикот коски нема, ама коски крши“.

5.

Низата дефиниции сосредоточени околу убедувањето како идентификувачки елемент на реториката во нејзината хронологија започнува со неколкуте варијанти што можат да се сретнат кај **Платон**. „Реториката е творец на убедувањето и целокупната нејзина дејствителност и главниот предмет својата цел ја остваруваат во ова (sc. убедувањето)“.[16] Треба да се обрне внимание на името со кое Платон ја опишува реториката. Тој ја нарекува δημιουργός, што дословно значи „оној што работи за народот, што извршува некоја општествено полезна работа“, а оттаму и другите значења: „вешт работник, изработувач, ракотворец, занаетчија, производител, творец“. Според тоа, реториката, значи, изработува убедувања, онака како што тоа го прават ракотворците, со познавање на одредени правила и процедури и со опитност, а притоа произведува некаков општествено значаен производ, односно говор за јавно обраќање. Со ова име Платон прилично прецизно ги опфатил двата нераздвојни идентитети на античката реторика: *вештината* и *јавноста*. Оваа дефиниција на реториката е всушност резиме на расправата што се води меѓу Сократ и Горгија во истоимениот дијалог на Платон, при што Сократ настојува Горгија да ја именува својата професија и нејзиниот предмет. На прашањето: „Што е тоа што ти го нарекуваш најголемо добро за луѓето, а себе си се сметаш за негов изработувач (δημιουργός)“, Горгија одговара: „Убедувањето со зборови (Τὸ πείθειν τοῖς λόγοις) било на судиите во судот, било на советниците во Советот, или на пратениците во Собранието, или на присутните на секој друг собир, кој би се одржал во јавноста“ (452d3-e4).[17] Дефиницијата на реториката се сретнува во истиот дијалог и со поинаков опис. „Реториката е вештина на какво убедување и на убедување за што (за каков предмет)?“[18] Наместо „творец, изработувач, производител“ овде таа се нарекува „вештина“.[19] Оваа замена на имињата не значи поинакво дефинирање на реториката, поинаков опис, зашто двете именки, δημιουργός и τέχνη се појмовно сродни и заменливи, припаѓаат на исто семантичко семејство, по-

[16] Pl. *Gorgia* 453a2-3
πειθοῦς δημιουργός ἐστιν ἡ ῥητορική, καὶ ἡ πραγματεία αὐτῆς ἅπασα καὶ τὸ κεφάλαιον εἰς τοῦτο τελευτᾷ·

[17] Парафраза на овие содржини има во Платоновиот дијалог Филеб (58a8-b2).

[18] Pl. *Gorgia* 454a8-9
Ποίας δὴ πειθοῦς καὶ τῆς περὶ τί πειθοῦς ἡ ῥητορική ἐστιν τέχνη;

[19] За толкувањето на поимот τέχνη (вештина) кај Платон во контекст на реториката види Pl. *Gorgia* 447c1-3 i 448b4-c3

текнуваат од ист круг на појави на кои им е заедничко творењето, производувањето втемелено на знаење.

На убедувањето како суштинско обележје на реториката и **Аристотел** ја темели својата дефиниција. „Реториката е способност за согледување на она што може да биде убедливо во кој и да е случај“.[20] Очигледна е разликата меѓу двете дефиниции, Платоновата и оваа на Аристотел. Аристотел ја опишува реториката како способност (δύναμις) за согледување, за препознавање на убедливото (τὸ πιθανόν), на она што во одредени околности може да ја оствари крајната цел на беседата, односно да убеди. При тоа тој ѝ ја одзема на реториката нејзината творечка улога на создавач, изработувач на убедливото. Освен тоа, во оваа дефиниција убедувањето не се поврзува со говорот, со јазикот општо. Вака дефинирана реториката излегува од рамките на говорништвото и таа се опишува како една „општа наука“, сродна, или како што самиот Аристотел вели, антистрофична на дијалектиката. „Обете се однесуваат на она што, на некој начин, е заедничко за осознавањето на сите луѓе, а што не е предмет на ниту една одделна наука“.[21] Кај Аристотел во теоријата на сознанието дијалектиката се однесува на онаа вистина која произлегува од веројатното заклучување, кое се гради од веројатни премиси, а аналитиката се однесува на онаа вистина до која се доаѓа со аподиктичко, на докази засновано, заклучување, кое произлегува од апсолутно вистинити премиси. Од гносеолошки аспект, реториката и дијалектиката се сродни зашто и двете партиципираат во сферата на веројатната, а не на апсолутната вистина. Реториката и дијалектиката не се науки (ἐπιστῆμαι), немаат предмет на истражување (ὑποκείμενον); тие се способности (δυνάμεις), имаат средства со кои дејствуваат.[22]

Оваа дефиниција на реториката на Аристотел натаму била доградувана за да се стесни нејзината појмовна содржина и да се сведе во рамките на говорништвото. Јатрокле прави минимално, но значајно проширување и ја нарекува реториката „способност за изнаоѓање на она што би можело да биде убедливо во беседата“.[23] Евдор, пак, е уште попрецизен: реториката е „способност да се изнајдат и да се искажат со украсен говор оние нешта на коишто може да им се верува во секоја беседа“.[24] Теодор од Гадера го завршува овој процес на дополнување на Аристотеловата дефи-

[20] Ar. *Rhet.* 2.1, 1355b 25-6
ἡ ῥητορικὴ δύναμις περὶ ἕκαστον τοῦ θεωρῆσαι τὸ ἐνδεχόμενον πιθανόν.
[21] Ar. *Rhet.* 1.1, 1354a 1-3.
[22] Види Ar. *Rhet.* 2.7, 1356a 21-33; 4.6, 1359b 12-18.
[23] Quint. *Inst. orat.* 2.15.16. vim (...) inveniendi quod sit in oratione persuasibile.
[24] Quint. *Inst. orat.* 2.15.16. vim (...) inveniendi et eloquendi cum ornatu credibilia in omni oratione.

ниција на реториката со тоа што дејствителноста на оваа вештина ја сместува во јавниот, граѓански простор. Реториката е „вештина која го изнаоѓа, го проценува и го објавува со соодветни говорни украси она што може да биде убедливо за секој предмет од јавниот живот".[25]

Дефинициите на реториката доминантни во хеленската реторика, пред сè, оние на Платон и на Аристотел, настојуваат на *убедувањето* како темелна одредница на оваа вештина. При тоа тие ја опишуваат задачата и крајната цел на беседата како производ на реториката. Ваквата сосредоточеност на учинокот е сосем разбирлива и произлегува од реалниот контекст во кој се остварувала реториката во Хелада од 5 до 4 век ст.е., односно, како знаење насочено на јавни беседи кои се кажувале во народното собрание, на судските процеси, или на јавни настани по разни поводи. Говорништвото било јавно практикувано и во конкретни околности поврзани со реалниот и актуелен општествен живот и било дел од јавните, а не од приватните работи.

Во римската реторика вниманието од учинокот на беседата и нејзината општествено зададена цел постепено се поместува кон самото дело како производ на оваа вештина. Наместо убедувањето како крајна цел на секоја беседа, се истакнува нејзиниот квалитет остварен низ можностите на кажувањето, на говорот (dicere), како осмислена јазична структура. Во реторичните списи на **Кикерон** јасно може да се воочи овој премин во дефинирањето на реториката. На многу места[26] тој ја следи традицијата на Аристотел и подвлекува дека крајната цел (finis) на беседата е да убеди (persuadere), а задача на говорникот (officium oratoris) е да говори убедливо (dicere ad persuadendum). Но, меѓу неговите дефиниции на реториката е присутен и поинаков вид во кој говорот се истакнува како важен квалитативен елемент на кој е упатена оваа вештина. Според оваа дефиниција реториката е говорење кое се темели на познавање на правилата на вештината (artificiosa eloquentia).[27]

За разлика од Кикерон кој се колеба во дефинирањето на реториката **Квинтилијан** има сосема прецизна и стабилна формулација на која инсистира и која постојано ја повторува. „Реториката е учење за добро говорење"[28] Поддршка за својата дефиниција Квинтилијан наоѓа кај некои

---

[25] Quint. *Inst. orat.* 2.15.21. ars inventrix et iudicatrix et enuntiatrix, decente ornatu secundum mensionem, eius quod in quoque potest sumi persuasibile, in materia civili.

[26] Cic. *De Inv.* 1.6.9-11, *De Or.* 1.138.1-2, *Rhetorica Ad Herennium* 3.19.1-2 Cic. *De Inv.* 1.6.9-11, *De Or.* 1.138.1-2, *Rhetorica Ad Herennium* 3.19.3

[27] Cic. *De Inv.* 1.6.1-3

[28] Quint. *Inst. orat.* 2.14.5; 2.15. 34, 38; 16.11; 17.37; 3.3.12; 5.10.54; 7.3.6, 12 bene dicendi scientia.

свои претходници. Клеант и Хрисип сметаат дека реториката е учење за правилно говорење,[29] а Албукиј еднакво тврди дека таа е учење за добро говорење но ја сместува во рамките на јавните, општествените работи.[30] Квинтилијан, учителот по реторика ја опишува реториката како *учење, знаење*, а не како *вештина*, што е сосема во согласност со неговата професионална задача. Тој смета дека реториката е знаење кое може да се стекне и да се пренесе, дека таа може да се совлада во одреден дидактички систем заради што, меѓу другото и самиот составил учебник за говорништво. Многу поважно е што во оваа дефиниција на реториката се настојува на кажувањето, на говорењето (dicere) како суштинско обележје на оваа научна појава и нејзин темелен предмет на истражување. Вака дефинирана реториката излегува од задолжителните рамки на вештина за јавно обраќање и ги отвора можностите за истражување на различни јазични облици. Со ова, всушност, започнува и нејзиното посериозно и посложено проникнување и со други дисциплини кои се темелат на говорот и на употребата на јазикот како средство за комуникација.

Антиката, а ни вековите по неа не понудиле една, единствена и трајна дефиниција на реториката. Сепак бројните обиди за прецизен и сеопфатен опис на реториката во антиката истакнале некои нејзини елементи врз кои се темели нејзиниот идентитет. Тоа се: *вештината*, *убедувањето*, *јавноста* и *говорот* како посебен јазичен облик. Секој од овие елементи е предмет на истражување на одделни дисциплини кои и натаму ја одржуваат нејзината виталност и способност за иновирање на други интелектуални подрачја.

### *Литература*


Hellnjig, A. 1973. *Untersuchungen zur Theorie der Rhetorik bei Platon und Aristoteles.* Hypomnemata 38. Gottingen

Lausberg, H. 1973. *Handbuch der Literarischen Rhetorik.* Munchen.

Kennedy, G. A. 1994. *A New History of Classical Rhetoric.* Princeton.

Petrović, S. 1975. *Retorika.* Niš.

Tatarkijević, V. s.a. *Istorija šest pojmova.* Prevod P. Vujičić. Beograd.


[29] Quint. *Inst. orat.* 2.15.35 scientia recte dicendi.
[30] Quint. *Inst. orat.* 2.15. 36

*Vesna TOMOVSKA*

# DEFINITIONS OF THE RHETORIC

***Summary***

*The endeavor of providing a precise and comprehensive definition of the rhetoric, from antiquity to the present day, remains inside the limits of an ongoing activity and has, consequently, produced numerous disparate interpretations and articulations. This situation is a result of a long-standing and uninterrupted rich tradition of the rhetoric, of its interrelation with other disciplines and of its capability to continually generate new fields of research and specialization.*

*Definitions offered by the authors of the antiquity, may be divided in two categories and reduced to two generalized definitions:*

1. *Rhetoric is an art of civic discourse and*
2. *Rhetoric is an art of persuasion by words.*

*Neither the antiquity nor the centuries that followed ever proposed a single and constant definition of the rhetoric. However, the numerous attempts to give a strict and comprehensive description of the rhetoric in the antiquity emphasized several basic components of its identity. These are as follows: the art, the persuasion, the public and the language as a particular linguistic form. Each of these components is the object of research of different disciplines which continue to maintain the rhetoric's vitality and capability of innovating other intellectual fields.*